ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Диме Спасов, министер за труд и социјална политика и

Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за труд и социјална политика

ПОВЕРЕНИЦИ: Енвер Хусејин, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и

Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
за изменување на Законот за социјалната заштита

Скопје, март 2015 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.42-3564/1
31.03.2015 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување на Законот за социјалната заштита, што го утврди на седницата, одржана на 31.03.2015 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Диме Спасов, министер за труд и социјална политика и Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Енвер Хусејин, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

Подготвил: Катерина Јаневска
Проверил: Љубница Р.Димовска
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Македонија социјалната заштита како област е уредена со Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. (Службен весник на Република Македонија бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13 , 79/13, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014 ,116/14 , 180/14 и 33/15)

Предложените измени на овој закон се во насока на подобрување на социјалната сигурност на корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош, така што предвиденото зголемување на висината на паричната помош за овие права се зголемува наместо со предвидените 5% за 10%, при што исплатата ќе се реализира сметано од месец јули 2015 година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на Законот за изменување на Законот за социјалната заштита се заснова на истите начела согласно кои што е донесен Законот за социјалната заштита, кој што се заснова на уставната определба, правото на социјална сигурност и социјално осигурување и начелата на хуманизам, социјална правда и солидарност.

Предложените измени на Законот за социјалната заштита ги содржи следниве решенија:

- Се врши техничко усогласување на текстот на законот во однос на предвидување на организационите единици во установите за социјална заштита на ниво на служби, како и се допрецизираат потребните квалификации за работното место за вработените од категорија Б помошно-стручни даватели на услуги од ниво Б1.
- Се зголемува висината на социјална парична помош и постојаната парична помош, така што предвиденото зголемување на висината на паричната помош за овие права наместо за 5% се зголемува за 10%, при што исплатата ќе се реализира сметано од месец јули 2015 година.

## III.ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување на Законот за социјалната заштита ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија во однос на покачувањето на висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош за 10%, сметано од месец јули 2015 година, во вкупен износ од 112.400.000.00 денари.

Со зголемувањето на висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош за 10% ќе се подобри социјалната положба на околу 35.000 корисници на социјална парична помош и на околу 5.800 корисници на постојана парична помош.

## IV.ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Потребните средства за исплата на зголемувањето на висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош за 10% изнесуваат 112.400.000.00 денари и истите се предвидени во Буџетот на Република Македонија за 2015 година.

ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14 и 33/15), во член 110-в став 3 во алинејата 7 зборовите „180 кредити според ЕКТС или најмалку ниво на квалификации VI Б" се заменуваат со зборовите „60/120 кредити според ЕКТС или завршено вишо образование".

Член 2

Во член 151 став 1 во алинејата 2 зборот „извршители" се заменува со зборот „сторители".

Член 3

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.180/14), во член 13 во ставот 2 процентот „5%" се заменува со процентот„10%".

Член 4

Во целиот текст на законот зборот „одделение" во било кој род и број се заменува со зборот „служба".

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Со членот 1 се врши се допрецизираат потребните квалификации за работното место за вработените во установите за социјална заштита од категорија Б помошно-стручни даватели на услуги од ниво Б1.

Во членовите 2 се врши усогласување на терминот за сторител на семејно насилство, согласно со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

Со членот 3 се предвидува висината на социјална парична помош и постојаната парична помош, да се зголеми наместо за 5% за 10%, а исплатата ќе се реализира сметано од месец јули 2015 година.

Со член 4 Се врши техничко усогласување на текстот на законот во однос на организационите единици во установите за социјална заштита на ниво на служби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања ќе се подобри социјалната сигурност на корисниците на социјална парична помош и постојаната парична помош .

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 110-в

Вработените во јавните установи за социјална заштита кои вршат работи од дејноста социјална заштита, имаат статус на даватели на јавни услуги во дејноста социјална заштита и за нив се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

За вработените од ставот 1 на овој член се утврдуваат следниве категории на работни места:

- категорија А стручни (социјален работник, психолог, андрагог, педагог, правник, економист, лекар, дефектолог, логопед, специјален педагог за превенција и ресоцијализација и социолог, здравствен работник и други).
- ниво А1 раководител на одделение во Заводот за социјални дејности,
- ниво А2 раководител на одделение во јавна установа за социјална заштита,
- ниво А3 виш стручен службеник во Заводот за социјални дејности,
- ниво А4 самостоен стручен службеник во Заводот за социјални дејности,
- ниво А5 самостоен стручен службеник во установа за социјална заштита и
- ниво А6 стручен службеник во установа за социјална заштита и
- категорија Б помошно-стручни (воспитувач, главна медицинска сестра, физиотерапевт, работен терапевт, систем оператори за внес, административен техничар, негователи, болничар, физиотерепевт, медицински сестри, геронто-домаќин болничар, воспитувач, инструктор и други)
- ниво Б1 помошно-стручен од прво ниво,
- ниво Б2 помошно-стручен од второ ниво,
- ниво Б3 помошно-стручен од трето ниво и
- ниво Б4 помошно-стручен од четврто ниво.

Вработените од ставот 2 на овој член треба да ги исполнат следниве посебни услови:

- за ниво А1 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство во областа на социјалната заштита,
- за ниво А2 со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство во областа на социјалната заштита,
- за ниво А3 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство во областа на социјалната заштита,
- за ниво А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, без или со работно искуство од најмалку една година во областа на социјалната заштита,
- за ниво А5 стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство во областа на социјалната заштита,
- за ниво А6 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, без или со работно искуство од најмалку една година во областа на социјалната заштита
- за ниво Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или најмалку ниво на квалификации VI Б,
- за ниво Б2 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование и
- за ниво Б3 најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование,
- за ниво Б4 најмалку ниво на квалификации II, основно образование со дополнителни функционални знаења и вештини, стекнати преку курсеви или соодветно практично искуство.

За сите нивоа од категоријата А посебни услови за вработување се и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција, на А1 (A1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат.

За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на давателите на јавни услуги во областа на социјалните работи во јавните установи за социјална заштита, се применуваат одредбите од овој закон и Законот за вработените во јавниот сектор.

Член 151

Советувалиште обезбедува психо-социјални услуги и психо-социјален третман за секоја одделна група на корисници, и тоа:

- жртви на семејно насилство,
- извршители на семејно насилство,
- со нарушени партнерски, семејни и односи родители - деца,
- деца и младинци со воспитно-социјални проблеми,
- идни родители и
- лица со ментална попреченост и нивните родители.

Поради специфичноста на потребата за обезбедување на психо-социјални услуги и психо-социјален третман за корисниците на советувалиштата од ставот 1 на овој член, за секое одделено советувалиште се подготвува посебна програма.

Програмата за советувалиштна работа ја подготвуваат стручни лица кои имаат најмалку стручни знаења и искуство од соодветната област, предвидени со нормативите и стандардите за работа за секое од советувалиштата од ставот 1 на овој член.

Советувалиште може да се основа како посебна установа за социјална заштита или како организациона единица на установа или друго правно лице.

Советувалишни услуги можат да обезбедуваат и физичко лице и здружение.

Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ( „ Службен весник на Република Македонија“ бр.180/14 )

Член 13

Одредбите од членот 47 став 3 и членот 61 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14) нема да се применуваат во период од 1 јануари до 31 декември 2015 година.

Висината на социјалната парична помош утврдена во членот 47 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14) и висината на постојаната парична помош утврдена во членот 61 став 1 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14) се зголемува за 5%.

Зголемувањето од ставот 2 на овој член ќе се изврши отпочнувајќи со исплатата на социјалната парична помош и постојаната парична помош во месец јули 2015 година.

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за изменување на Законот за социјална заштита | 2. Министерство / орган на државна управа :<br>Министерство за труд и социјална политика | |
| Цел на предлогот:<br>Зголемување на висината на правото на социјална парична помош и постојана парична помош за уште 5% ( вкупно за 10 % сметано од јули 2015 ) | 3. Предлог:<br>Се препорачува усвојување на предложените измени на Законот за социјалната заштита | |
| 4. Контакт лице и звање:<br>**Зихра Мемети**<br>Раководител на сектор за социјална заштита | 5. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>3106 365, 075 / 270 021<br>e-mail: ZMemeti@mtsp.gov.mk | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. Активност: | | | |
| 7. Вид на барање | | | |
| Цел на барањето / предложената активност: | | | |
| 8. Врска со владината програма: | | | |

| 9. Фискални импликации:<br>Законот **предизвикува** фискални импикации. | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта год.** |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | 41.200 СПП<br>15.000 ППП<br>56.200 | 63.960 СПП<br>30.900 ППП<br>94.860 | 67.158 СПП<br>47.500 ППП<br>94.860 |
| В. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал | | 41.200 СПП | 63.960 СПП | 63.960 СПП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери<br>Вкупно | | 15.000 ППП<br>56.200 | 30.900 ППП<br>94.860 | 30.900 ППП<br>94.860 |
| C.Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | 0 | 0 | 0 |
| D. Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| E.Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| F.Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоци<br>H. Извор<br>Трансфери од Централниот Буџет | | | | |
| 10. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 11. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | | | | |
| 12. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во | | | | |

| | |
|---|---|
| тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | |
| 13. Дата на завршување на проценката | |
| 14. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 15. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 16. Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| 17. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 18. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 19. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одобрено/Дата:<br>19 -03- 2015<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | Ден / месец / год. | Потпис на министерот | Ден / месец / год. |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>Министерство за труд и социјална политика<br>СКОПЈЕ